| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Животните од далечните краеви |
| **Содржина на денот** | Да се запознаеме со животните од далечните краеви |
| **Возраст** | 4 – 6 години |
| **Воспитувач** | Анета Симоновска |
| | |
| **Здрави и безбедни навики** | - Разговор со детето за значењето на здравјето и факторите кои го зајакнуваат или нарушуваат здравјето, како и оспособување на детето да се грижи за сопственото здравје . |
| **Активности** | - Слушање на композиција од Ками Сенј Санс „Карневал на животните“;<br>- Изработете макета од поларни и тропски животни. Потоа набљудувајте ја макетата на која се претставени поларни(бела мечка, пингвин, поларна лисица, кит и др.) и тропски животни (лав, слон, зебра, кенгур и др.) и разговорајте за тоа што може да се забележи на истата;<br>- Запознавање со карактеристиките на тропските и поларните животни, препознавање, именување, однесување (како се хранат и како се движат), како изгледаат , опишување на нивните живеалишта и сл.<br>- Гледање на едукативниот цртан „Учиме со Биби и Боби – Диви животни“;<br>- Боење во контура „Поларни и тропски животни“.<br>- На крај на активноста може да се имитираат движењата на животните. |